# Повик со насоки и Барање за финансиска поддршка за формирање на енергетски задруги во Македонија

## 1. **Цел на повикот**: Поддршка на формирање на енергетски за други во Македонија

Здружение Институт за развој на заедницата (ИРЗ) Тетово - Македонија е национална мрежа за одржлив развој, образование и социјални услуги. Во текот на своето 27 годишно работење, ИРЗ има имплементирано голем број на проекти и активности во Македонија и странство, соодветно на потребите на целните групи. Повеќе за работата на Здружение ИРЗ можете да прочитате на следната интернет страница: www.cdi.mk

Во делот на програмата за заштита на животната средина, ИРЗ активно работи на зголемување на свеста за користење на обновливи извори на енергија, пред се сончевата енергија. Во соработка со Здружението Solare Zukunft од Германија и со финансиска поддршка од Германската Фондација за Заштита на Животна Средина (DBU), Здружение ИРЗ го имплементира проектот “Нашиот Нов Дом”, чија што цел е да го доближи концептот за енергетски задруги до граѓаните на Македонија и да го поддржи процесот на нивното формирање.

Во рамките на проектот, Здружение ИРЗ објавува повик за финансиска поддршка на енергетски задруги за инсталација на фотонапонски централи. Во рамките на оваа проектна компонента финансиски ќе бидат поддржани најмалку 4 енергетски задруги во Македонија, и покрај финансиска поддршка, за нив ќе се обезбеди менторска поддршка, студиска посета во Германија и обука на лице место за одржавање фотонапонски централи.

## 2. **Кој може да побара финансиска поддршка**:

1. Правни лица регистрирани според законот за здруженија и фондации кои се декларираат како енергетски задруги
2. Правни лица регистрирани според закон за задруги и кои се декларираат како енергетски задруги
3. Други правни лица основани од најмалку 5 физички лица кои се декларираат како енергетски задруги
4. Неформална група граѓани составена од најмалку 5 лица (со услов да се регистрираат како правно лице во рок од 20 дена доколку добијат финансиска поддршка и кои ќе се декларираат како енергетски задруги )
5. Правни лица кои планираат да работаат на подигање на свеста за искористување на сончева енергија како обновливи извор на енергија и кои ќе се декларираат како енергетски задруги

Правните лица наведени погоре, во моментот на поднесување на барањето за финансиска поддршка немора да бидат регистрирани како енергетска задруга/правно лице, и истите ќе имаат можност на менторска поддршка при регистрација доколку биде одобрено нивното барање.

**Забелешка:** Декларирана Енергетска задруга претпоставува дека правното лице во своите акти за основање, статути и/или стратешки планови се обврзува да функционира како енергетска задруга.

## 3. Висина на финансиска поддршка која што може да се побара:

1. Најмногу 50% од вкупната вредност на фотонапонската централа и најмногу до 5000 ЕУР. Препорака на ИРЗ е инсталираната моќност да не надминува повеќе од 6 Kwh инсталирана моќност. Апликантите може да побараат и помала финансиска поддршка, соодветно на нивните потреби.

2. Најмала сума за која што би можело да се побара изнесува 1500 ЕУР.

## 4. Трошоци кои се прифаќаат

1. Изработка на техничка документација
2. Набавка на фотонапонска централа (панели, инвертор)
3. Набавка на фотонапонска батерија (само за "островски" систем без приклучок на системот на ЕВН)
4. Инсталација/монтажа на фотонапонска централа
5. Осигурување од штети за првата година
6. Набавки и инсталација на фотонапонски централи кои се направени пред објавување на овој повик.

Здружение ИРЗ го задржува правото на сопственост на делот од фотонапонската централа финансиран од нејзина страна за период од 3 години, и потоа со одлука ја предава во сопственост на енергетската задруга носител на проектот.

Набавката на фотонапонската централа треба да биде реализирана преку Јавен повик и со исполнување на критериумите за тендерска постапка, во согласност со правилата на Донаторот (ДБУ), и со финално одобрување од страна на ИРЗ како суб-донатор. Подетални информации ќе добијат грантистите по одобрување на финансиската поддршка.

## 5. Други Услови

1. Енергетската задруга да биде членка и да учествува во работатата на неформална коалиција/федерација на енергетски задруги на Македонија која што ќе биде формирана во текот на имплементација на овој проект.

2. Во Статутот и во другите програмски документи (стратешки план и годишни програми за работа) да биде забележано дека правното лице работи на зголемување на свеста за користење на енергија од обновливи извори на енергија и дека ќе функционира како енергетска задруга.

## 6. Процедура за набавка

Енергетските задруги кои што ќе бидат избрани за финансиска поддршка, треба да објават јавен повик за доставување на понуди од лиценцирани претпријатија за набавка и инсталација на фотонапонска централа. Од вкупната сума, Здружение ИРЗ Тетово ќе обезбеди финансиска поддршка најмногу до 50% од прифатената понуда со пренос на средства директно на понудувачот. Во комисијата за избор, Здружение ИРЗ задолжително мора да биде вклучено со свој претставник.

## 7. Предност ќе имаат правни лица кои што:

1. Имаат претходно искуство и активности за користење на обновливи извори на енергија
2. Висина на сопствени средства кои ги инвестираат (повеќе од 50% од вкупната вредност на фотонапонската централа)

Партнерства: Пожелно е да има партнерство со други правни лица но не е задолжително.

## 8. Временска рамка за поднесување и оценување:

- Краен рок за поднесување на барањата: 13 Октомври 2023 година
- Краен рок за известување: 25 Октомври 2023 година
- Краен рок за потпишување на договори: 10 Ноември 2023 година
- Краен рок за спроведување на набавката и инсталација на фотонапонска централа: 31.01.2024 година.
- Краен рок на поднесување на конечен извештај: 28 Февруари 2024 година

## 9. Дополнителни информации во врска со подготовка на барањето за финансиска поддршка

Во случај кога барател е куќен совет/зграда, и кога веќе има управител во зградата и нема правно лице како здружение/заедница на станари, потребно е да се регистрира ново правно лице кое што ќе стопанисува со фотонапонската централа. Во тој случај постојат најмалку две опции во однос на броилото на кое што задолжително треба да биде инсталирана фотонапонската централа:

- Броилото од име на управителт да се пренесе на новоформираното правно лице кое што ќе стопанисува со фотонапнската централа, или
- Да се потпише договор со Управителот дека ќе биде подносител на техничката документација и барањето за одобрување во име на новоформираното правно лице кои што ќе стопанисува со фотонапонската централа.

Сите баратели (доколку се работи за барање на граѓани кои живеат во зграда) задолжително да контактираат со Управителите (доколку ги има).

Доколку Ви се потребни дополнителни информации, Ве молам да контактирате со нас на следната емаил адреса: cdi.hristina@gmail.com . Прашањата може да се поставуваат во рок од 10 работни дена од денот на објавување на повикот. Одговорите на сите прашања ќе бидат јавно објавени на интернет страницата на Здружение ИРЗ: www.cdi.mk и за тоа ќе бидете известени по пат на Емаил порака.

Барањето за финансиска поддршка заедно со пропратните документи може да биде доставена на следниот начин:

- Електронска пошта на следната адреса: **info@cdi.mk** и во предмет на пораката да се наведе: "Финансиска поддршка за формирање на енергетски задруги". Од страна на ИРЗ по електронски пат ќе биде потврдено дека барањето е примено.

- Лично во архива во просториите на Здружени ИРЗ Тетово, улица Маршал Тито 96 Тетово. Целовкупната документација да биде во еден плик со назнака: "Финансиска поддршка за формирање на енергетски задруги"

- Пошта како препорачана пратка на следната адреса: Здружение ИРЗ Тетово, улица Маршал Тито број 96, 1200 Тетово.

Некомплетни барања како и барања испратени по затварање на Повикот нема да бидат разгледувани.

ИРЗ го задржува правото да не додели финансиска поддршка, и го задржува правото да го продолжи рокот за доставување на барањата за финансиска поддршка.

**Преглед на временска рамка**

| Дата | Опис |
|---|---|
| 01.09.2023 | Објавување на повик за финансиска поддршка |
| 13.10.2023 | Краен рок доставување на барања за финансиска поддршка |
| | Можност за дополнителни прашања во тек на целиот период |
| 25.10.2023 | Известување со резултати |
| 10.11.2023 | Потпишување на договори |
| 30.12.2023 | Краен рок за реализација - набавка и инсталација на фотонапонска централа |

ИРЗ го задржува правото на измени на временската рамка со датуми претставена во табелите погоре.

# Барање за финансиска поддршка
# за формирање на енергетски задруги

1. Назив на барател/неформална група на граѓани

2. Форма на регистрација (Ве молиме заокружите едно):

    - Здружение
    - Задруга
    - Претпријатие
    - Друго:_______________________

3. Адреса / општина:

4. Законски застапник/директор:

5. Емаил:

6. Телефон:

7. Ве молиме да наведете дали Вашето правно лице во статутот, стратешкиот план и годишните програми, има наведено дека:

    - се занимава со зголемување на свеста кај граѓаните за користење на обновливи извори на енергија?

ДА НЕ

    - се декларира дека функционира како енергетска задруга

ДА НЕ

8. Место/Локација каде што би била инсталирана фотонапонската централа:

- Општина
- Адреса
- Број на катастарска парцела  (КП број)
- Имотен лист од објектот каде што ќе биде инсталирана фотонапонската централа
- Согласност од сопственици/станари за инсталација на фотонапонска централа (во случај барател да е куќен совет од зграда треба 51% согласност од станарите и дополнителни треба изјава од претседателот на куќен совет за вкупниот број на станови заверена на Нотар)
- Согласност од сопственик на површина (кров на куќа, помошен објект и слично, каде што треба да биде поставена фотонапонската централа, заверена на нотар.
- Доколку во зградата има управители и нема регистрирано правно лице (куќен совет), во тој случај станарите мора да регистрираат правно лице.

9. Ве молиме објаснете за која намена ќе се користи произведената електрична енергија?

----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

10. Дали во следниот период планирате да организирате образовни активности во насока на зголемување на искористеноста на обновливи извори на енергија? Ако ДА, наведете кои и во кој временски период.

ДА НЕ

----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

11. Вкупна инсталирана моќност на централата во KwH:

12. Вредност на инвестицијата за фотонапонска централа изразена во МК Денари:

- Висина на средства побарани од ИРЗ во МК Денари:
- Сопствено учество на енергетската задруга (апликант) во МК Денари:
- Сопствено учество на енергетската задруга во однос на вкупната инвестиција изразена во проценти: ____ %

13. Дали Вашето правно лице/неформалнагрупа вклучува лица со попреченост, невработени лица, самохрани родители и други лица под ризик? Ако да, Ве молиме наведете поточно кои и колку.

----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

14. Дополнителни информации - Ве молиме кон барањето да ги доставите следниве документи:

- Копија од регистрација за правното лице (издава централен регистар)
- Тековна состојба за регистрирани правни лица (издава Централен регистар)
- Статут, стратешки план, годишен план на активности
- Во случај на неформална група на граѓани, Ве молиме доставете список потпишан од основачите како список на членови (име и презиме, адреса, број на лична карта, потпис) најмалку 5 лица во секој случај
- Во случај на неформална група, Ве молиме да доставите изјава од носителот (физичко лице) заверена на нотар дека доколку предлог проектот биде одобрен, правното лице ќе биде формирано во рок од 15 дена од денот на известувањето дека проектот е одобрен.
- Имотен лист од местото каде што ќе биде инсталирана фотонапонската централа со изјава на сопственикот дека се согласува да биде инсталирана фотонапонска централа заверена на нотар.

- Во случај кога аплицира куќен совет/зграда:

1. Доколку има управител, а нема нема правно лице како здружение/заедница на станари, во тој случај е потребно да се регистрира посебно ново правно лице и да се направи пред-договор со Управителот на зградата дека електричното броило ќе биде поврзано на фотонапонската централа.
2. Во заеднички објекти за домување, потребна е согласност од 51% посто од сопстениците на посебни делови, потврдена со изјави заверени на нотар.

ИРЗ може да побара и други дополнителни документи.